# ОПШТИНА
# МАВРОВО И РОСТУША

# 2014
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК Бр.11

**Понеделник 1 Декември 2014 Ростуше**
**Бр.11** **Год.XIX**

**109.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Маврово и Ростуше, број 07-366/3 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година.

| | |
|---|---|
| Број 08-373/1 | Општина Маврово и Ростуше |
| 28.11.2014 год. | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| Р о с т у ш а | Мукрем Мехмеди, с.р. |

Врз основа на член 25 став 1 точка 1 и член 136 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша („Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша" бр.06/2008), Советот на Општина Маврово и Ростуша на својата 22 –ра седница, одржана на ден 27.11.2014 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Маврово и Ростуша**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Маврово и Ростуша бр. 01-259/4 од 31.07.2008 година, („Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша" бр. 06/2008), во глава 3 Организација и работење на органите на општината и точка 3 Посебни тела на општината, се додаваат 3 нови тела и тоа : под

г) „Совет за јавна безбедност во сообраќајот"
д) „Општински младински совет"
ѓ) „Совет за јавно здравје"

**Член 2**

по членот 52 се додава нов наслов кој гласи:

г)„Совет за јавна безбедност во сообраќајот."

**Член 3**

По членот 52 се додава нов член 52а кој гласи

(1) Советот за јавна безбедност во сообраќајот е сочинет од 7 члена.

(2) Претседателот и членовите на општинскиот совет го сочинуваат преставници од редот на институции и правни лица, како и истакнати експерти од бласта на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

(3) Со работата на општинскиот совет за јавна безбедност во сообраќајот раководи претседател чиј мандат трае четири години. Претседателот на советот може да биде именуван два пати едноподруго на иста функција.

(4) Членовите на советот од ставот (2) на овој член, се именуваат за време од четири години, со право на повторно именување.

**Член 4**

По членот 52а се додава нов член 52б кој гласи

„Задачите на советот за јавна безбедност во сообраќајот произлегуваат од Законот за безбедност во сообраќајот а се особено":

1. унапредување на работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општината,
2. унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно - образовната работа на предучилишните установи и училиштата,
3. остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во областа на сообраќајот на патиштата,
4. организирање и учество во сообраќајно - воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива,
5. поттикнување, развивање и помагање на научно-истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата,
6. набавка и издавање на сообраќајно-воспитни публикации, филмови и слично,
7. организирање на научни и стручни собири за работа од областа на безбедноста на патниот сообраќај и
8. соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 5**

По членот 52б, се додава нов член 52в кој гласи:

(1) Советот за својата работа донесува деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.

(2) Административно-техничките работи на советот, ги врши општината.

(3) За остварување на задачите од својот делокруг советот донесува годишна програма која ќе се финансира од буџетот на општината.

**Член 6**

По членот 52в, се додава нов наслов:
д) „Општински младински совет“

**Член 7**

По член 52в се додава нов член 52г кој гласи:

Општинскиот младински совет се состои од 7 члена со мандат од 4 години.

Општинскиот младински совет е составен од млади луѓе (преставници од младински организации, политички подмладоци, средношколци и студенти).

Општинскиот младински совет се формира по предходно спроведена иницијатива со формирање на работно тело за основање на ЛМС,

Иницијативното работно тело има за задача да креира модел статут за работа на Општинскиот младински совет, основачкото собрание на општинскиот младински совет и верификација на одлуката од советот на Општина Маврово и Ростуша и како последна фаза е

креирање на годишна програма за работа на советот.

**Член 8**

По членот 52г, се додава нов член 52д кој гласи:

1. Советот за својата работа донесува деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.
2. Административно-техничките работи на советот, ги врши општината.
3. За остварување на задачите од својот делокруг советот донесува годишна програма која ќе се финансира од буџетот на општината.
4. На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата, Градоначалникот на општината и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**Член 9**

По членот 52д се додава нов член 52ѓ кој гласи:

„ Целите на општинскиот младински совет се:

1. креирање претставничко тело на младите и младинските здружувања во Општина Маврово и Ростуша;
2. зајакнување на капацитетите за општествена ангажираност кај младите;
3. овозможување неформално образование, тренинг, обука и развој на вештини кај младите;
4. зголемен ангажман на младите во помагање на локалната заедница;
5. промоција на младинско учество;
6. претставување на потребите и интересите на младите;
7. вклучување на младите во носењето одлуки на локално ниво;
8. зголемена комуникација меѓу младите и Локалната самоуправа;
9. зголемена прекугранична соработка меѓу младите од Општина Маврово и Ростуша и општините од соседните држави;
10. промоција на плурализам во младинското здружување и организирање.

**Член 10**

По членот 52ѓ се додава нов наслов кој гласи:
ѓ ) „Совет за јавно здравје“

**Член 11**

По членот 52ѓ се додава нов член 52е кој гласи:

Советот за јавно здравје се состои од пет члена од кои три се претставници од Советот на Општина Маврово и Ростуша, еден претставник од општинската администрација и еден претставник од Здравствените установи во општината.

Советот за јавно здравје ги врши следните работи:

1. ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје,
2. изготвува мислења, дава иницијативи и предлози до органите на Општината.

**Член 12**

Во целиот текст на Статутот на Општина Маврово и Ростуша зборот „Ростуша“ се заменува со зборот „Ростуше“

**Член 13**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша“.

| | |
|---|---|
| Број 07-366/3 | Совет на Општина Маврово и Ростуше |
| 27.11.2014 год. | П р е т с е д а т е л |
| Р о с т у ш е | Неџат Исмаили, с.р. |

**110.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година, број 07-366/4 што Советот на Општината

Маврово и Ростуша ја донесе на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година.

Број 08-373/2 Општина Маврово и Ростуше
28.11.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/2002/, а во врска со член 34 од Законот за буџетите "Сл.Весник на РМ бр.64/2005,2008", и член 25, став1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша/ Сл.Гласник 06/2008 со пречистен текст.

Советот на Општина Маврово и Ростуша на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Маврово за 2014 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2014 година на следниот начин:

| Програма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотаци | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421410 Горива и масла(моторни воила) | 0 | 0 | -19.000,00 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | -100.000,00 | 0 | 0 |
| 421220 Дрва | 0 | 0 | -400.000,00 | 0 | 0 |
| 421130 Ѓубретарина | 0 | 0 | -50.000,00 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за професионално Заболување | 0 | 0 | 5.000,00 | 0 | 0 |
| 402310 Основен придонес за здравство | 0 | 0 | 14.000,00 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 150.000,00 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 50.000,00 | 0 | 0 |
| 401130 Основни плати-други вработени | 0 | 0 | 300.000,00 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделни програми и подпрограми ќе ги извршува градоначалникот на општината.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша".

Број 07-366/4 Совет на Општина Маврово и Ростуше
27.11.2014 год.
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л
Неџат Исмаили, с.р.

**111.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Физибилити студија за Јавно приватно партнерство, Изградба на административно-деловна зграда во Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на Физибилити студија за Јавно приватно партнерство, Изградба на административно-деловна зграда во Општина Маврово и Ростуше, број 07-366/5 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година.

Број 08-373/3 Општина Маврово и Ростуша
28.11.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 1 и член 25 став 1, точка 32 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 27.11.2014 година разгледувајќи ја физибилити студијата за јавно приватно партнерство, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуше ја усвои физибилити студијата за Јавно приватно партнесртво, изградба на администартивно-деловна (ресторант

со апартмани) зграда во Општина Маврово и Ростуше.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за урбанизам и архивата на општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 07-366/5 Совет на Општина Маврово
27.11.2014 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л
Неџат Исмаили, с.р.

**112.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба и финансирање на административно-деловен објект во Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за започнување на постапка за доделување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба и финансирање на административно-деловен објект во Општина Маврово и Ростуше, број 07-366/6 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година.

Број 08-373/4 Општина Маврово и Ростуша
28.11.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002), член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 6/2012 и 144/2014 ), член 15 став 1 точка 37 и 25 став 1 точка 32 од Статутот на општина Маврово и Ростуше („Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше бр.06/2008) Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на 27.11.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба и финансирање на административно-деловен објект**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Маврово и Ростуше започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба и финансирање на административно-деловен објкет (во натамошниот текст: доделување на договор за ЈПП) со вкупна бруто површина од 3.300 $м^2$ или нето површина од 2,765 $м^2$ зграда со административен и деловен простор-ресторант со апартмани, од кои 620 $м^2$ нето површина паркинг простор со број на паркин места согласно законската регулатива и 2.145 $м^2$ нето површина објект (приземје, 3 ката и поткровје), од кои најмалку 470 м2 нето површина административен простор сопственост на Општина Маврово и Ростуше и подземен паркинг простор со нето површина од најмалку 138 м2, додека приватниот партнер стекнува имотна корист, односно стекнува право на сопственост на најмногу 2,145 $м^2$ нето површина деловен простор-ресторант со апартмани со подземен паркинг простор со нето површина од најмногу од 482 м2.

Административно-деловниот објект ќе се гради на КП 204/1 место викано 1 Населба КО Никифорово со површина од 1.223 м2 на која е формирана градежна парцела бр. М 1.1. со вкупна површина од 1.030 м2.

Приватниот партнер после техничкиот прием на објектот од став 1 на овој член ќе стекне и право на сопственост на земјиште во сопственички дел кој ќе одговара на процентуалното учество во сопственоста на објектот од став 1 на овој член.

Оправданоста од доделување на договорот за ЈПП произлегува од потребата од нов административен објект за потребите на органите на општината и за општинската админстрација кој не може да се изгради со средства на Општина Маврово и Ростуше со оглед дека истата не располага со буџетски фискален капацитет кој може да ја гарантира и обезбеди изградбата на нов административен објект

**Член 2**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

- модернизирање на работењето и јакнење на капацитетите на општинската администрација и на органите на општината;
- создавање на услови за ефективно и ефикасно работење

на општинската администрација и на органите на општината; и
- подобрување на услугите за граѓаните и правните лица од подрачјето на општина Маврово и Ростуше.

**Член 3**

Предмет на Договорот за ЈПП е:
- проектирање и изработка техничка документација потребна за добивање на одобрение за градење на административно-деловниот објект;
- изградба на административно-деловниот објект, кој ќе ги задоволува условите на одржливиот развој, особено за животната средина, урбанистичко архитектонските стандарди и енергетските потреби (употреба на обновливи извори на енергија и примена на енергетска ефикасност);
- финансирање на проектирањето и изградбата на административно-деловниот објект од страна на приватниот партнер.

**Член 4**

Проценета вредност на договорот за ЈПП **1,392,122** Евра.

**Член 5**

Согласно член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство постапката за доделување на договорот за ЈПП ќе се спроведе со отворен повик во рок од 9 месеци од енот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 6**

Постапката за доделување на договорот за ЈПП од член 3 на оваа одлука ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката формирана од страна на Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникто на Општина Маврово и Ростуше да ги преземе сите активности за спроведување на постапката и да потпише договор со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Маврово и Ростуше.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 07-366/6 Совет на Општина Маврово
27.11.2014 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л

**113.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за разрешување и именување на член во Управен одбор на Јавна Установа Национален Парк ,,Маврово,, Маврови Анови

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за разрешување и именување на член во Управен одбор на Јавна Установа Национален Парк ,,Маврово,, Маврови Анови, број 07-366/7 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година.

Број 08-373/5 Општина Маврово и Ростуша
28.11.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 37, став 1 и 2 од Законот за локална самоуправа ,,Сл.Весник на РМ бр.55/2002/, а во согласност со член 25 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша Службен гласник бр.03/2006 пречистен текст бр.6/2008/.

Советот на Општина Маврово и Ростуше на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година ја донесе следнта

О Д Л У К А

За разрешување и именување на член во управен одбор на ЈУ Национален парк ,, Маврово,, - Маврови Анови

Член 1

Алим Билали од с.Скудриње, се разрешува од член на Управниот одбор на ЈУ Национален парк ,,Маврово,, од Маврови Анови, како преставник од Општина Маврово и Ростуше.

Член 2

На негово место за член на Управниот одбор на ЈУ Национален парк „Маврово“ од Маврови Анови се именува Садула Мурати од

с.Скудриње како преставник од Општина Маврово и Ростуше.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша,,.

Број 07-366/7 Совет на Општина Маврово
27.11.2014 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л
Нецат Исмаили, с.р.

**114.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиски средства, број 07-366/8 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 22-рата седница одржана на ден 27.11.2014 година.

Број 08-373/6 Општина Маврово и Ростуша
28.11.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година, Советот на Општината на седницата одржана на ден 27.11.2014 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За доделување на финансиска помош на Невзат Зунуни

Член 1

Се одобрува финансиска помош на Невзат Зунуни во износ од 30.000,оо денари за набавка на градежен материјал за изградба на потпорен зид во с.Требиште.

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2014 година.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање од 20.11.2014 година од Невзат Емини с.Требиште.

Средствата ќе бидат уплатени за набавка на градежен материјал на жиро-сметка на фирмата ТД „ТУП РАДИКА" од с. Велебрдо.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 07-366/8 Совет на Општина Маврово
27.11.2014 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л
Нецат Исмаили, с.р.

======================================

С О Д Р Ж И Н А

109. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Маврово и Ростуше...............................224

110. Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година........226

111. Заклучок за усвојување на Физибилити студија за Јавно приватно партнерство, Изградба на административно-деловна зграда во Општина Маврово и Ростуше............................................226

112. Одлуката за започнување на постапка за додлеување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба и финансирање на административно-деловен објект во Оштина Маврово и Ростуше...............................................227

113. Одлука за разрешување и именување на член во Управен одбор на Јавна Установа Национален Парк ,,Маврово,, Маврови Анови......................................228

114. Одлука за одобрување на финансиски средства (Невзат Зунуни).......................229

**Додаток:**
Физибилити студија за Јавно приватно партнерство, Изградба на административно-деловна (ресторант и апартмани)зграда во Општина Маврово и Ростуше................1-56

ИЗДАВА И УРЕДУВА
СЛУЖБА НА ОПШТИНА
МАВРОВО И РОСТУША